***Градоначалник на Општина Свети Николе***

*тел:+ 389 32 444 169 факс: + 389 32 440 911*

*e-mail: info@svetinikole.gov.mk*

*www.svetinikole.gov.mk*

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
"СОВЕТ НА ОПШТИНА"
Бр. 0801 – 563
09. 11. 2016 год.
СВЕТИ НИКОЛЕ

*Врз основа на член 52 од Статутот на Општина Свети Николе како и Одлуката на Советот на Општина Свети Николе бр. 0801/563 од 13.11.2015 г.* ***Комисијата за доделување на награди и признанија*** *покренува иницијатива за прибирање на*

## Пријави за доделување на плакети, признанија, благодарници и спомен плакети за 2016 година по повод Патрон на градот „Свети Николај"

Во чест на празникот **„Свети Николај" Патрон на градот Свети Николе**, Општина Свети Николе распишува Конкурс за награди во следниве категории:

**1. Плакети**

Се доделуваат на физички и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во вкупниот општествен развој, унапредување на Локалната самоуправа во Општината, заштита и унапредување на животната средина и други области на животот и трудот што преставуваат посебен придонес за вкупниот напредок и афирмација на Општината Свети Николе во изминатиот период па се до завршување на конкурсот.

**2.Признанија**

Се доделуваат на физички и правни лица за значајни остварувања и постигнувања во развојот на локалната демократија , стопанството, науката и уметноста, придонес во културата, спортот, здравството, воспитувањето и образованието, како и во другите области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзина афирмација на национално и меѓународно ниво во изминатиот период па се до завршување на конкурсот.

**3.Благодарници**

Се доделуваат на физички и правни лица за успешно остварени активности и заеднички ангажирања во извршувањето на планови, проекти и други активности од значење за Општината во изминатиот период па се до завршување на конкурсот.

**4.Спомен Плакета**

Се доделува на поединци постхумно, како признание за особени постигнувања во развојот на демократијата и во поттикнувањето на општествениот развој.

Право на учество имаат установи, трговски друштва, здруженија на граѓани, спортски клубови и граѓани како и странски државјани.

Во пријавата треба да се достави кратка биографија за номинираното физичко или правно лице и да се образложи за какви остварувања конкурираат. Кон пријавата потребно е да се достави и најмалку една препорака од релевантна институција или истакнат поединец од областа во која се конкурира.

Конкурсот трае до Понеделник 12 – ти Декември 2016

Пријавите треба да се доставaт на адреса: **Општина Свети Николе, Плоштад Илинден бр. 12 (со назнака за Конкурс за прибирање на пријави за доделување на плакета, признанија, благодарници и спомен плакети – Патрон на градот „Свети Николај“)** или директно во Архива во општината

Пријавите коишто ќе бидат доставени по истекот на рокот нема да се разгледуваат.

***Датум***
***09.11.2016 год.***

Председател на Комисија за
Доделување на награди и признанија

/Мирче Јосев/